ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

## ЗА 2018 ГОДИНА НА

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-
## КАБИНЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2019 03 14/1

**Скопје, ноември 2019**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 9 |
| Финансиски извештаи за 2018 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 10 |
| Биланс на состојба | 11 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 12 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 13 - 15 |
| - Сметководствени политики | 15 - 18 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 18 - 22 |

Прилог 1 - Спроведени препораки по конечен извештај на ОДР за финансиските извештаи за 2017 година

Кратенки користени во извештајот:
РМ – Република Македонија
РСМ – Република Северна Македонија
СОЗР-Служба за општи и заеднички работи

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:10-511/6

Дата:23.12.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Претседателот на Република Северна Македонија-Кабинет на Претседателот на Република Северна Македонија (во натамошниот текст Кабинет) на сметката основен буџет (637) за 2018 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Претседателот на Република Северна Македонија - Кабинет на Претседателот на Република Северна Македонија за 2018 година изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извешта, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Претседателот на Република Македонија-Кабинетот на Претседателот на Република Македонија за сметката на основниот буџет за 2017 година (637) и изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.
Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за наведената ревизија, при што е утврдено дека две препораки се спроведени и спроведувањето на една препорака е во тек.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2018 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме дека за опремата сопственост на Кабинетот не е извршено осигурување за заштита од непредвидени ситуации.

За констатираната состојба дадена е препорка за надминување на истата.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ја обелоденивме состојбата која се однесува на преотстапување на книгите од друг орган на управа.

Во делот за останати прашања, истакнавме одредени системски слабости кои се однесуваат на потребата од преиспитување и доуредување на:

- законската и подзаконската регулатива во делот на утврдување на висината и начинот на пресметка на платата на посебните советници;
- преиспитување на утврдениот коефициент за пресметка на платата на секретарот на Кабинетот на Претседателот на РСМ во Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РСМ и другите избрани и именувани лица во Републиката;
- Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на РСМ, во делот на утврдување на бројот на заменици генерални секретари во Кабинетот на Претседателот;
- Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката, во делот на утврдување на коефициент за пресметка на платата на заменик генерален секретар на Кабинетот на Претседателот на РСМ и
- Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на РСМ во делот на утврдување на правото на надоместок на членовите на постојаните и повремените работни тела.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 10 до 12, заедно со ревизија на усогласеност на Претседателот на Република Македонија на сметката на основен буџет, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија за сметката на основниот буџет за 2017 година (637) и изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Борис Јосифовски, Генерален секретар на Кабинетот на Претседателот на РСМ

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната

законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.“

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 26.08.2019 до 27.09.2019 година кај Претседателот на Република Северна Македонија на сметката на основниот буџет за 2018 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 09-115/9 од 24.10.2018 година за Претседател на Република Македонија - Кабинет на Претседателот на Република Македонија. Од содржината на презентираните податоци во прегледот, ревизијата констатира дека од вкупно три дадени препораки, две препораки се спроведени и спроведувањето на една препорака е во тек.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Кабинетот, одржан на ден 03.10.2019 година. Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 10-511/2 од 04.10.2019 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Согласно член 11 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, органите на државна управа се должни да обезбедат чување и заштита на недвижните ствари, нивно економично и соодветно користење и уредно и навремено извршување на обврските што произлегуваат од користењето на стварите.
За недвижниот имот и опремата кој ги користи Кабинетот, а се сопственост на Службата за општи и заеднички работи, осигурувањето се врши од страна на СОЗР, додека за опремата која е сопственост на Кабинетот во 2018 година не е

извршено осигурување на истите, со цел заштита од непредвидени ситуации и ризици.
Во годишниот план за јавни набавки за 2019 година предвидена е постапка за набавка на услуги за осигурување за целокупната опрема, која до денот на вршење на ревизијата не е отпочната.

**Препорака:**
Одговорното лице на Кабинетот да продолжи со активностите за спроведување на постапка за осигурување на целокупната опрема сопственост на Кабинетот.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Претседателот на Република Македонија – Кабинет на Претседателот на Република Македонија на ден 31 декември 2018 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Претседателот на Република Северна Македонија-Кабинет на Претседателот на Република Северна Македонија, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Кабинетот на Претседателот на РСМ за 2017 овластениот државен ревизор истакна дека во текот на 2015 и 2017 година донесени се две Одлуки[1] од страна на Владата на РСМ за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – книги од Министерството за култура на Кабинетот на Претседателот на РСМ. Согласно наведените одлуки,

[1] Одлуки за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија: број 42-5263/59 од 08.06.2015 година („Службен весник на Република Македонија„ број 99 од 16.06.2015 година) и број 44-293/3 од 14.03.2017 година („Службен весник на Република Македонија„ број 36 од 23.03.2017 година)

склучени се два договори[2] помеѓу Министерството за култура на РСМ и Кабинетот за давање и примање на книги, во вкупен износ од 103 илјади денари.

Истакнуваме дека до моментот на вршење на ревизијата, сеуште не е извршено примопредавање на книгите помеѓу Кабинетот на Претседателот на РСМ и Министерството за култура.

**7. Останати прашања**

7.1. Во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Кабинетот на Претседателот на РМ за 2017 година, овластениот државен ревизор истакна дека во Законот за вработените во јавниот сектор е уреден начинот и бројот на пополнување на посебни работни на посебни работни места во кабинетите на претседателот на РМ, заради извршување на работни задачи на посебни советници, како и трајноста на договорот на вршење на функција посебен советник.
Со извршената анализа на одредбите од наведениот закон, утврдивме отсуство на одредби за регулирање на висината на платата на посебните советници во одделни институции, вклучувајќи го и Кабинетот.
За надминување на утврдената состојба, потребно е надлежните органи да преземат активности за доуредување на законската и подзаконската регулатива во делот на утврдување на висината и начинот на пресметка на платата на посебните советници.

7.2. Во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Кабинетот на Претседателот на РСМ за 2010 година и 2017 година, овластениот државен ревизор истакна дека платата на функционерите и на раководните работници кои ги именува, односно ги назначува Претседателот на РСМ или телото што тој ќе го овласти, согласно член 2 став 2 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката, се утврдени со Одлука за определување на коефициентот за утврдување на платите на функционерите што ги именува Претседателот на РСМ[3]. Согласно наведената одлука коефициентот за утврдување на плата за генералниот секретар изнесува 3,7.
Коефициентот за утврдување на плата на генералниот секретар на Кабинетот на Претседателот на РСМ согласно член 16 од наведениот закон изнесува 3,4,

---

[2] Договор за давање на трајно користење на движни ствари – книги од проектот: Печатење на публикации со прилог ЦД за документарни филмови – Македонски искушенија на Кабинетот на Претседателот на РМ број 03-1061/2 од 14.07.2015 година и Договор за давање на трајно користење на движни ствари – книги од проектот: Ѕвезди на светската книжевност на Кабинетот на Претседателот на РМ број 03-486/2 од 10.05.2017 година

[3] Број 07-511 од 31.03.2010 година

додека коефициентите за утврдување на плата на ниво на секретари на Собрание и Влада на РСМ, согласно член 15 од истиот закон, се утврдени во висина од 3,7.
Имајќи во предвид дека генералниот секретар раководи со Кабинетот на Претседателот на РСМ, ја организира и усогласува работата, се грижи за единствено функционирање и унапредување на организацијата на Кабинетот, односно врши работи и работни задачи околу раководење со наведениот орган, ревизијата смета дека за надминување на наведената состојба потребно е да се изврши преиспитување на вака утврдениот коефициент за пресметка на платата на секретарот на Кабинетот на Претседателот на РСМ во Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката.

Во 2019 година од страна на генералниот секретар на Кабинетот на Претседателот на РСМ испратено е Известување со број 04-667/1 од 29.07.2019 година до Министерството за труд и социјална политика, за утврдените состојби и потребата од усогласување на одредбите од Законот за плата и други надоместоци на избраните и именуваните лица во РМ и Одлуката за организација и делокруг на работата на Кабинетот во делот на утврдениот коефициен за генерален секретар.

7.3. Организацијата и делокругот на работата на Кабинетот, раководењето и начелата за внатрешна организација се уредени со Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на РМ[4]. Согласно наведената одлука со Кабинетот раководат Генерален секретар и Заменици генерални секретари, кои ги именува Претседателот. Во Кабинетот во 2018 година, именуван е еден Заменик генерален секретар, од предвидениот број на двајца Заменици генерални секретари, чиј број единствено е утврден во актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Кабинетот донесени од Генералниот секретар, по претходно добиена согласност од Претседателот.
Платата на функционерите и на раководните работници кои ги именува, односно ги назначува Претседателот на РСМ или телото што тој ќе го овласти, согласно член 2 став 2 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката, се утврдени со Одлука за определување на коефициентот за утврдување на платите на функционерите што ги именува Претседателот на РМ, во која за заменик генерален секретар е утврден коефициентот за утврдување на плата во висина од 3,3. Истакнуваме дека во одредбите од наведениот закон, освен за заменик на секретарот на Собранието на РМ за кој е утврден коефициент во висина до 3,4, не е утврден коефициент за утврдување

[4] „Службен весник на Републлка Македонија„ број 30/2000, 9/2001, 41/2010, 142/2013

на плата за категорија заменик генерален секретар на Кабинетот на Претседателот на РМ.

Ревизијата смета дека за надминување на утврдените состојби потребно е да се преземат активности за доуредување на:

- Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на РМ, во делот на утврдување на бројот на заменици генерални секретари во Кабинетот на Претседателот;
- Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката, во делот на утврдување на коефициент за пресметка на платата на заменик генерален секретар на Кабинетот на Претседателот на РМ.

Во 2019 година од страна на генералниот секретар на Кабинетот на Претседателот на РСМ испратено е Известување со број 04-667/1 од 29.07.2019 година до Министерството за труд и социјална политика, за утврдените состојби и потребата од усогласување на одредбите од Законот за плата и други надоместоци на избраните и именуваните лица во РМ и Одлуката за организација и делокруг на работата на Кабинетот, во делот на утврдување на коефициент на заменик генерален секретар.

7.4. Во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Кабинетот на Претседателот на РМ за 2017 година утврдено е дека во членовите 11 и 12 од Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија утврдено е правото на Претседателот за формирање на комисии како постојани и повремени работни тела, од претставници на соодветните републички органи и организации, здруженија на граѓани, научни, стручни и други институции. Притоа, уредено е дека со одлука за формирање се определува составот и бројот на членовите на комисиите, но не е утврдено правото на надомест за членовите на истите.

Надоместоците се исплатени врз основа на Одлука за утврдување на правото на надоместок за трошоците за учество во работата на работните тела на Претседателот на РМ донесени од Генералниот секретар на Кабинетот, во која утврден е износот на надоместокот во висина од 6 илјади денари по одржана седница.

Ревизијата смета дека потребно е доуредување на наведената одлука во насока на утврдување на правото на исплата на надоместокот на комисиите.

**Претседател на Република Северна Македонија**
**Сметка на основен буџет (637)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2018** | **2017** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 8 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 75,483 | 68,738 |
| **Вкупно приходи** | | **75,491** | **68,738** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 31,926 | 29,898 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 7,354 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 35,071 | 37,313 |
| Субвенции и трансфери | 3.3. | 770 | 105 |
| Социјални бенефиции | | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **75,121** | **67,316** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 370 | 1,422 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **370** | **1,422** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **75,491** | **68,738** |

**Претседател на Република Северна Македонија**
**Сметка на основен буџет (637)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2018** | **2017** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | | 0 | 115 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 4,369 | 4,059 |
| Залихи | 4.1.2. | 8,968 | 8,944 |
| **Вкупно тековни средства** | | **13,337** | **13,118** |
| **Постојани средства** | 4.2. | | |
| Нематеријални средства | | 1,174 | 865 |
| Материјални средства | | 10,970 | 15,022 |
| **Вкупно постојани средства** | | **12,144** | **15,887** |
| **Вкупна актива** | | **25,481** | **29,005** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1,638 | 1,533 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 2,731 | 2,526 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4,369** | **13,118** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 21,112 | 15,887 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **21,112** | **15,887** |
| **Вкупна пасива** | | **25,481** | **29,005** |

**Претседател на Република Северна Македонија**
**Сметка на основен буџет (637)**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2018 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018 година** | **15,887** | **-** | **15,887** |
| **Зголемување по основ на:** | **1,164** | **11,896** | **13,060** |
| Набавки | 1,164 | 11,896 | **13,060** |
| **Намалување по основ на:** | **4,907** | **2,928** | **7,835** |
| Отпис на капитални средства | | 2,928 | **2,928** |
| Амортизација | 4,907 | | **4,907** |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **12,144** | **8,968** | **21,112** |